Општина Битола

# Стратегија за соработка на Општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој

2019-2022

## Содржина

1 Вовед ........ 3
1.1 Општа цел на Стратегијата ........ 4
1.2.Методологија ........ 4
1.3.Принципи ........ 5
1.4.Опфат на граѓанскиот сектор: целна група ........ 6
2. Карактеристики на граѓанскиот сектор во Битола ........ 6
2.1.Краток осврт на моменталните состојби и предизвици ........ 7
2.2. Обем на Граѓанскиот сектор во Битола ........ 7
2.3.Области на дејствување ........ 7
3. Достигнувања од досегашната соработка на Општината со граѓанскиот сектор ........ 7
4 Специфични цели ........ 8
5. Акциски план и временска рамка ........ 10
6 Спроведување, следење и ревизија ........ 11
Прилог 1. Акциски план ........ 12

# 1 Вовед

Граѓанското учество во процесот на донесување одлуки е од клучно значење за секое општество кое се декларира како демократско, а посебно е важно за младите демократии. Создавањето институционални механизми за соработка на граѓаните и државните органи и тела, особено на локално ниво во процесот на креирање политиките и други акти, е основа на партиципативната демократија. Општина Битола во целост ги препознава важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на демократските процеси во општината и општо во развојот и подобрување на животот во заедницата. Граѓанските организации (ГО) во Битола многупати во изминатиот период ја потврдиле својата посветеност на пресретнување на потребите на граѓаните преку бројни активности од различни области, како: социјални услуги, поддршка на образованието, културни манифестации, спортски настани, еколошки акции, оспособување на младите, охрабрување на маргинализираните групи, руралниот развој и сл.

Тргнувајќи од овие факти, Општина Битола одлучи да изготви нова стратегија за соработка со граѓанскиот сектор користејќи ја како модел претходната Стартегија за соработка со ГО 2012-2015 и да придонесе кон нивни постојан развој, а со цел да се придонесе кон зголемени граѓански иницијативи и развиена локална заедница од секој аспект.

Изготвувањето и усвојувањето на Стратегијата за соработка на Општина Битола со граѓанскиот сектор (2019-2022) е индиректен придонес и кон реализирање на една од стартешките заложби во Стартегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2018-2020). Во мерката 13 предвидено е воспоставување на комуникациски систем и пракса за размена на искуства за поддршка на развојот на граѓанскиот сектор на локално преку изработка на локални документи.

## 1.1 Општа цел на Стратегијата

Општа цел на Стратегијата е изградба на поттикнувачка околина за активно граѓанско учество во процесите на креирање политики и развој на локалната заедница.

Со Стратегијата примарно се сака преку унапредување на досегашната соработка на Општина Битола со граѓанскиот сектор да се придонесе кон остварување на визијата за активни граѓани кои директно учествуваат во осмислување на локалните политики и придонесуваат кон нивно остварување. Исто така, намерата е да се стреми кон развиен граѓански сектор којшто ќе придонесува во сите сегменти на општественото живеење во општина Битола како еден од предусловите за остварување на потребите на граѓаните, за нивна подобра иднина и за развиена општина на граѓаните и за граѓаните.

Општината ќе цели досегашната соработка со ГО да ја преточи во понапредни и поодржливи модели на партнерство и дијалог, а пред сè за:

- Обезбедување услови за вклученост на ГО во креирањето на локалните политики и стратегии;
- Зголемена транспарентност на општината и на ГО и интензивирање на меѓусебната информираност;
- Поддршка на ГО во промоцијата и поттикнувањето на активизмот на граѓаните и нивната поголема вклученост во активности суштествено значење за локалната заедница преку волонтерство, општествено одговорно однесување и сл;
- Придонес кон подобрени услови за обезбедување одржлив развој на граѓанскиот сектор;
- Соодветно зајакнување на локалната администрација за препознавање на улогата и унапредување на соработката и потребите од развој на граѓанскиот сектор;

Заложбите на Општина Битола да ја унапредува соработката со граѓанскиот сектор е одраз на признанието и почитта за граѓанскиот сектор во промовирање на вредностите и во неговиот значаен придонес за заедницата.

## 1.2.Методологија

Стратегијата е ревидирана на консултативен начин со голема вклученост на ГО во периодот од октомври до декември 2018 година, во две фази.

Прво беше формирана работна група со претставници од ГО и општината за согледување на она што е реализирано од претходната Стратегија и што може да се пренесе во новата со претставници од ГО, општината. Работната група одржа две еднодневни работилници на коишто беше увидено што е реализирано а што може да се реализира во наредниот период, при што беа потврдени општата цел, целите, принципите и предлог-активностите со акцискиот план. Со ова беше заокружена првата фаза од подготовката на стратегијата.

Потоа беше дискутирано на форум со група организации и претставници на Советот на Општина Битола. Забелешките дадени на форумот по предложениот документ беа повторно разгледани од страна на работната група и документот беше предложен до Советот на Општина Битола за усвојување.

## 1.3.Принципи

- Взаемна доверба и партнерство

Општина Битола и ГО ќе го градат своето партнерство и взаемната доверба во јакнење на заедничките односи без предрасуди и целосно разбирање. ГО и општината ќе имаат целосно разбирање за секоја страна во делот на постигнувањето на заедничките цели со совесност кон принципите и пред сè во јакнење на интересот на граѓаните за општо добро.

- Учество и консултации

ГО со своите капацитети и ресурси ќе придонесат за поквалитетни решенија за одредени потреби на граѓаните на Општина Битола. Различните вредности и интереси и своите размислувања ќе се дел од креираните политики и соработки на ГО и општината низ дијалог за заедничките интереси за подобрување на начинот на живеење во Општина Битола.

- Транспарентност

Активностите и предлозите, како и реализираните заеднички проекти од страна на ГО и општината ќе се отворено споделувани како меѓу двете страни, така и целосно и транспарентно и кон општата јавност во Општина Битола. Пристапот на информациите во делот на политиките, процедурите за распределбата на финансиските средства ќе се објавувани на транспарентен начин.

- Независност

ГО се слободни и независни во поставувањето на своите цели, при донесувањето на одлуките и планирањето на активностите. Независноста особено ќе се почитува при директна финансиска поддршка на проекти и активности на ГО од страна на општината.

- Одговорност

Општината и ГО се взаемно одговорни пред целокупната јавност и граѓаните во рамките на спроведувањето на заедничките активности. ГО ќе имаат целосна одговорност при реализирањето на активностите поддржани финансиски од општината. Но исто така, одговорноста ќе биде одлика на општината во процесот на распределување на финансиските средства на организациите којшто ќе биде чесен и транспарентен.

- Еднакви можности

ГО и општината ги јакнат капацитетите за промовирање на рамноправноста и еднаквоста, вклученоста и обезбедувањето на еднаква можност на сите ГО во заедничките активности помеѓу општината и граѓанскиот сектор.

## 1.4.Опфат на граѓанскиот сектор: целна група

Општина Битола е свесна за широкиот опфат на чинители на граѓанското општество, а во овој документ примарно целите ги насочува кон потесното разбирање на граѓанскиот сектор, односно на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации од 2010 година. Оваа стратегија во својот наслов и во содржината ги користи термините граѓански организации, граѓански сектор, граѓанско општество кои реферираат на потесната дефиниција и се однесуваат на здруженија и фондации.

Од друга страна општата јавност, односно граѓаните не се исклучени од можноста да ги користат механизмите на вклучување во креирање на политиките на локално ниво, иако намерата со овој стратешки документ е да се придонесе кон унапредена соработка со ГО и кон создавање услови за нивни постојан развој.

Дополнително, имајќи ја предвид општата цел на оваа стратегија, дел од мерките предвидуваат заедничка соработка и партнерство на локалната самоуправа и ГО и со другите чинители во општеството, односно во заедницата, како што се локалните бизниси, здруженијата на работодавачите, синдикатите и секако граѓаните на општина Битола.

# 2. Карактеристики на граѓанскиот сектор во Битола

## 2.1 Краток осврт на моменталните состојби и предизвици

И покрај значителниот број ГО кои дејствуваат во општина Битола, сите не се подеднакво активни. Освен неколку организации што работат професионално, другите многу зависат од поединечни грантови, немаат простории за работа, ниту постојано ангажирани лица и редовно работно време. Со оглед на тоа дека процедурите и критериумите за финансирање од страна на странските донатори се сè позаострени, Битола се соочува со недоволно институционално развиени здруженија, со слаба комуникација и транпарентност, отсуство на координација, недоволна застапеност во медиумите, и генерално недоволно про-активен граѓански сектор со мал капацитет за создавање одржливи и инклузивни проекти кои ќе влијаат врз развојот на локалната заедница и македонското општество во целина.

За ГО во Битола важи истата констатација која се однесува генерално на граѓанскиот сектор во државата, а тоа е дека во ГО се вклучени само мал број граѓани, а нивното учество во неформалните и ад-хок активности е повисоко отколку во организираното граѓанско општество. Во Битола тоа се должи на фактот дека повеќето регистрирани ГО не се во можност да обезбедат оржливост, и тоа во финансиска и програмска смисла заради генералниот недостаток на човечки капацитети кои професионално ќе се посветат на работата и развојот на организацијата. Најчесто се случува лидерите или раководните лица во организацијата да се истовремено и спроведувачи на активностите во организацијата, а дополнително се и вработени на друго место, така што ваквото распарчување неминовно води кон ад-хок дејствување без долгорочни ефекти во заедницата.

Имајќи го предвид сево ова, во периодот кој претстои е клучно ГО и Општина Битола да поттикнат професионализација и институционално зајакнување на граѓанскиот сектор со цел подигање на капацитетот на ГО за да може да спроведуваат проектни активности од поголем обем.

## 2.2. Обем на Граѓанскиот сектор во Битола[1]

- ✓ Бројот на регистрирани ГО во Општина Битола кое се регистрирани согласно новиот Закон за здруженија и фондации од 2010 година, во месец октомври 2018 година изнесуваше 590 организации.
- ✓ Меѓутоа, подеталната анализа покажува дека бројот на активни ГО (кои поднесле годишна сметка за 2017) е значително помал и изнесува 132.
- ✓ Бројот на ГО кои поднеле одлука дека се ослободени од доставување на годишна сметка (имале годишен обрт под 2.500 евра) изнесува 262.
- ✓ На крај податоците покажуваат дека 196 ГО ниту поднеле годишна сметка за 2017 година, ниту поднеле одлука до Централниот регистар на РМ.

## 2.3.Области на дејствување

Од вкупниот број регистрирани ГО:

- ✓ доминираат спортските здруженија кои се 140,
- ✓ потоа се професионалните (струковите) здруженија 14,
- ✓ потоа се социјално хуманитарни здруженија 13,
- ✓ потоа културни здруженија 12,
- ✓ фондации вкупно 9 и
- ✓ еколошки здруженија 3.

Од друга страна, најголем број ГО коишто согласно класификацијата на Централниот регистар на РМ влегуваат во заедничка категорија (10.9 други општествени организации, фондации и здруженија на граѓани) и се повеќе од половината регистрирани, односно 399 организации. Тука спаѓаат младински организации, заштита на човековите права, родова рамноправност, здруженија на етничките заедници и сл.

# 3. Достигнувања од досегашната соработка на Општината со граѓанскиот сектор

Општина Битола има постојана соработка со граѓанскиот сектор од 2001 година главно преку следниве форми:

- ✓ Давање на поддршка за аплицирање и вклучување во заедничка реализација на проекти
- ✓ Давање на финансиска поддршка. Годишно, општината доделува 3.500.000 милиони денари за активности на здруженија и фондации.
- ✓ Давање на материјална поддршка (печатење на промотивен материјал, и др.)
- ✓ доделување простор за користење во месните заедници
- ✓ Поддршка на Општина Битола од страна на ГО во креирањето на локалните настани и политики на локалната самоуправа.

Реализирани се неколку активности од претходниот стартешки документ.

Во делот на поттикнување на граѓанскиот активизам и волонтерство преку изработка на стратегија за волонтерство и организирање на заеднички активности на граѓанските

[1] Согласно податоците добиени од Централен Регистар на РМ.

организаци со општината. Формиран е Совет за волонтерство како советодавно тело на Советот на Општина Битола.

Во делот на одржливост на граѓанскиот сектор и развиена партнерства, преку примена на редовна финансиска поддршка на ГО од буџетот на општината се изработи јасна и процедура за доделување на средствата која содржи критериуми, апликативен формулар, јавен повик и годишен извештај која треба да се применува во следниот период.

За поуспешен социјален дијалог беше воспоставен локален економско-социјален совет во кој членуваа претставници од општината, синдикатите, работодавачите и од ГО, но во моментов е со поминат мандат и потребно е негово обновување.

Поголеми  достигнувања во досегашната соработка општината има во делот на културата и организацијата на културните настани, пред сѐ битолското културно лето „Бит фест“, каде се вклучени ГО со свои музички настани, изложби, кино на отворено, разни музички фестивали, поетски вечери и сл.

Значајна е соработката и во делот на заштита на животната средина преку заедничките кампањи за подигање на јавната свеста, еколошки акции за чистење на градот, проекти за рециклирање отпад, едукативни кампањи по училиштата, изработка на локален еколошки акциски план и сл.

Во областа на заштита на човековите права, преку промоција на Законот за антидискриминација, заштита на правата на децата, заштита на правата на маргинилизираните групи и сл.

Одлична е соработката и во делот на родовата рамноправност каде женските здруженија се доста активни во промовирањето на родовата рамноправност во образованието, јавните институции, грижата на старите лица, организирање кампања и активности во насока на превенција од семејно насилство и трговија со луѓе. Општина Битола е лидер во воведувањето на концептот на родово одговорно буџетирање а сега работи на јакнење на капацитетите на членовите на Советот за разгледување на програмите на општината од родов аспект.

Во рамките на регионалниот развој, се прават големи чекори во развојот на прекуграничната соработка и размената на искуства и знаења со други општини од Грција и од Албанија во делот на противпожарната заштита, промоција на потенцијалите на општината и привлекување странски инвестиции, промоција на националните паркови и развој на туризмот и културат,

Во делот на руралниот развој формирана е локална акциска група за рурален развој-ЛАГ Пелагонија која ги опфаќа општините: Битола, Новаци, Могила и Демир Хисар.

# 4 Специфични цели

Општина Битола има за цел да ја зајакне и унапреди соработката со граѓанскиот сектор и да придонесе кон поттикнувачка околина за граѓанско учество во креирањето на локалните

политики и општо, развојот на локалната заедница. Заложувајќи се за овие достигнувања, општина Битола наедно придонесува кон зајакнување на граѓанскиот сектор во насока на промовирање на неговата улога во исполнување на очекуваната општествена улога што му припаѓа на секторот.

Достигнувањето на општата цел на Стратегија ќе се оствари преку пет меѓусебно поврзани цели:

1. **Вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики**
   1.1. Предлог-актите на локалната самоуправа достапни на веб-страницата на општината со можност за коментирање и давање предлози од ГО и од граѓаните;
   1.2. Обезбедено учество на ГО во процесот на планирање и подготовка на годишната програма за работа на општината, вклучително и во подготовка на буџетот на општината, како и следење на неговото спроведување;
   1.3. Обезбедено учество на претставници на ГО во постојаните комисии на Советот на Општината.
   1.4. Обезбедено учество на ГО во процесот на планирање и подготовка на стратешки документи на општината по различни области (животна средина, млади и невработеност, култура, образование, спорт и сл.).

2. **Развивање соработка и транспарентна размена на информации помеѓу општината и граѓанскиот сектор**
   2.1. Општината во континуитет изготвува годишен извештај за соработка на општината со ГО (наративен и финансиски);
   2.2. Обезбеден простор на веб-страницата на општината за заинтересираните ГО да ги објавуваат своите годишни извештаи и да известуваат за своите активности, резултати, влијание и сл;
   2.3. Општината ќе одржува информативни средби со ГО за поттикнување на соработката и координација за важни прашања за локалната самоуправа, за ГО и за пошироката заедница (најмалку двапати годишно и по потреба).

3. **Поттикнување на граѓански активизам, волонтерство и општествена одговорност**
   3.1. Унапредување на постоечките механизми за граѓанско учество (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани итн.) преку соработка со ГО и консултации со граѓаните.
   3.2. Обезбедена поддршка на Советот за волонтерство како институционален механизам за систематско поттикнување на волонтирањето на локално ниво.
   3.3. Изработка на локална стратегија за волонтерство 2019 - 2022;
   3.4. Промоција на волонтерството преку поддршка на ГО коишто спроведуваат волонтерски настани и општествено одговорни бизниси кои промовираат корпоративно волонтирање;
   3.5. Соработка со ГО за поддршка на локални волонтерски акции (еколошки, урбанистички, образовни и сл.);

3.6. доделување на годишна награда за најдобар волонтер/волонтерска иницијатива на Општината
3.7. Промоција на општествената одговорност на локалните бизниси

4. **Одржливост на граѓанскиот сектор и развиени партнерства**
   4.1. Финансиска поддршка на ГО од буџетот на општината согласно утврдените унапредени критериуми и методологија за распределба на средства за ГО;
   4.2. Развивање механизми и процедури за кофинансирање на проекти на ГО кои се финансираат од ЕУ и други домашни и странски донатори, а кои се од стратешки интерес на Општина Битола;
   4.3. Обезбедување на општински јавен простор за поддршка на функционирањето на ГО базирана на моделот на јавно-цивилно партнерство и ко-управување.
   4.4. Воспоставување локален економско-социјален совет во којшто ќе членуваат претставници од општината, од синдикатите, од работодавачите и од ГО;
   4.5. Поттикнување на моделите на јавно приватно и јавно цивилно партнерство меѓу општината, бизнисите и ГО за заедничко подготвување и спроведување проекти и активности кои се од интерес на општината;
   4.6. Формализирање на делегирање на надлежности на општината на ГО.

5. **Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработка со граѓанскиот сектор и негов развој;**
   5.1. Процена на знаења и вештините и капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор и негов развој;
   5.2. Надградување на знаењата, вештините и капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор. Активностите може да се состојат во скроени обуки за релевантните службеници, во директни консултации за подготовка на одредени настани (особено поврзани со активностите предвидени во оваа стратегија), учество на студиски посети за стекнување нови искуства и сл.
   5.3. Во рамките на администрацијата ќе се воспостави и мрежа на одговорни соработници по сектори и одговорното лице за соработка со ГО коишто ќе определат механизам за комуникација и координација на спроведување на активностите од стратегијата.

# 5. Акциски план и временска рамка

Конкретните активности за спроведување на Стратегијата со определена временска рамка, носители на активности, односно одговорни институции, индикатори за реализираните активности и алокацијата на изворот на финансирање на активностите се содржани во Акцискиот план којшто е составен дел на оваа стратегија (Прилог 1).

Временската рамка за спроведување на стратегијата е три години и истата ќе се спроведува во периодот од јануари 2019 до декември 2022 година. Во Акцискиот план којшто е составен дел на Стратегијата подетално се определени роковите за спроведување на планираните активности.

## 6 Спроведување, следење и ревизија

Општината и ГО на годишни состаноци ќе го следат процесот на спроведување на Стратегијата, како и нејзината ефективност, со цел да го прилагодат на моменталните потреби. Општината и ГО ќе подготват план за следење на спроведувањето на Стратегијата.

Меѓу другото, планот ќе предвиди на крајот на секоја година Одделението за ЕР да поднесува извештај до Советот на општината за извршените активности и постигнатите цели во спроведување на Стратегијата. По втората година од спроведување на Стратегијата, ќе подоготви и спроведе извештај за оценка на прогресот на Стратегијата. Оценката ќе биде подготвена преку консултации со претставници на ГО. Резултатите од оценката ќе се засноваат на проверка на достигнување на предвидените индикатори, реализирање на активностите во предвидените рокови, проактивноста на општината во спроведување на активностите, како и препораки за измена и прилагодување на Стратегијата и на Акцискиот план кон состојбите и потребите.

Одделението за локален економски развој и Општината Битола ја имаат примарната улога во координирање и спроведување на Стратегијата. Истите се надлежни за периодична оценка и известување за начинот на спроведување на Стратегијата. Сите информации ќе бидат достапни до Советот на општина Битола.

## Прилог 1. Акциски план

| СЦ 1 | Вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.б** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 1.1 | Предлог актите на локалната самоуправа се достапни на веб-страната на општината со можност за коментирање и давање предлози од ГО и граѓаните | - Обезбедено софтверско решение коешто ќе биде внесено на веб-страницата на општината коешто ќе послужи за навремено информирање на јавноста за предлог политиките на општината и обезбедување интеракција меѓу општината и засегнатите страни (пред сè ГО), односно ќе биде овозможено коментирање и давање предлози по предложените акти и повратни информации од истите.<br><br>- Назначување лице за ажурирање на информациите и дистрибуирање на добиените коментари до одговорните во ЛС.<br><br>- Редовно одговарање за причините за не усвоените предлози. | ЛС<br><br>ЛС<br><br>ЛС | 2019 /и континуирано | - Изработен план за вклучување на ГО<br><br>- Број на поставени акти за коментирање<br><br>- Број на коментари по поставените акти<br><br>- Број на усвоени предлози<br><br>Информации добиени од одговорното лице и од годишно анкететно истражување на ГО | Буџет на општината /донатори |
| 1.2 | Обезбедено учество на ГО во процесот на планирање и подготовка на годишната програма за | - Изработка на план за вклучување на ГО и граѓаните во подготовка на годишната програма | ЛС | 2019/ и континуирано | -Број на одржани јавни расправи<br>- Број на вклучени ГО | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | работа на општината, вклучително и во подготовка на буџетот на општината, како и следење на неговото спроведување; | - Информирање на јавноста за достапните можности преку локални медиуми, веб страната и социјалните мрежи.<br><br>- Изработка на граѓански предлог буџет и буџет.<br><br>- Изработка на план за вклучување на ГО во процесот на подготовка на буџетот на општината.<br><br>- Следење на спроведувањето на програмата и реализација на буџетот | Совет на Општина Битола<br><br>Совет на Општина Битола<br><br>Совет на Општина Битола<br><br>Совет на Општина Битола, ГО | | -Број на добиени писмени покани и известувања<br><br>Граѓански буџет објавен на веб страната на ЛС<br><br>-Број на одржани јавни расправи<br>- Број на вклучени ГО<br><br>- Извештај од следењето на спроведувањето на програмата и реализација на буџетот објавен на веб страната на ЛС | Буџет на општината /донатори |
| 1.3 | Обезбедување на вклученост на претставници на ГО во постојаните комисии. | -Воспоставување систем (постапка и критериуми) за селекција на претставници на ГО<br>-Вклучување на претставник од страна на ГО согласно темата на расправа на комисијата<br><br>Формирање мешовита работна група за подготовка на критериумите и воспоставување систем (постапка) за избор на претставниците. | ЛС<br><br>Совет на Општина Битола<br><br>Совет на Општина Битола | 2019/и континуирано | - Изготвена постапка и критериуми за селекција<br><br>- Број на претставници од ГО кои учествуваат во работата на Комисиите при Советот<br><br>- Број на дискусии од страна на претставниците на ГО<br><br>- Број на прифатени предлози | Буџет на општината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4 | Обезбедено учество на ГО во процесот на планирање и подготовка на стратешки документи на општината по различни области (животна средина, млади и невработеност, култура, образование, спорт и сл.). | - Формирање мешовита работна група за подготовка на постапка и критериуми за избор на претставници на ГО<br>- Воспоставување систем (постапка и критериуми) за избор на претставници на ГО во работни групи за подготовка на стратешки документи<br>- Вклучување на претставници на ГО во подготовка на новата петгодишна стратегија за развој на општината (2013) | ЛС<br>Одделение ЛЕР | 2019-2022 | - Број на состаноци на работната група<br>- Изготвен и усвоен систем (постапка и критериуми) за избор<br>- Број на вклучени ГО во сите области на стратегијата според нивната експертиза<br>- Број на дискусии од страна на претставниците на ГО и број на прифатени предлози | Буџет на општината |
| 1.4 | | | | | | |
| **СЦ 2** | **Развивање соработка и транспарентна размена на информации помеѓу општината и граѓанскиот сектор** | | | | | |
| **Р.б** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 2.1 | Општината во континуитет изготвува годишен извештај за соработка на општината со ГО (наративен и финансиски); | -Подготвување наративен и финансиски извештај за доделените средства и проектите кои се реализираат.<br>-Редовна дистрибуција на извештајот до ГО и други заинтересирани/релевантни институции (преку е-маил, по пошта и сл). | ЛС-Одделение ЛЕР и Финансии и буџет | 2019-2022 | - Број на изготвени извештаи поставени на веб страна.<br>- Број на ГО и институции кои го добиле извештајот<br>- Извештај со заклучоци од оддржаните дебати поставени на веб страна. | Буџет на општината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -Дискусија на достигнувањата за секоја календарска година (редовни годишни дебати) | | | | |
| 2.2 | Обезбеден простор на веб-страницата на општината за заинтересираните ГО да ги објавуваат своите годишни извештаи и да известуваат за своите активности, резултати, влијание и сл; | - Реорганизација на веб-страната на општина Битола и определување посебен простор на веб-страната<br><br>- Назначување одговорен службеник за поставување на информациите на веб-страната<br><br>- Информирање на организациите за можноста која ја нуди веб-страната на оппштината<br><br>- Редовно доставување на информации од страна на ГО (годишни извештаи за работата, известување за активнотите, резултатите, влијанието и сл.)<br><br>- Редовно (неселективно) објавување на информациите на веб-страната | ЛС-<br><br>Одделение ЛЕР<br><br>ГО<br><br>ЛС | 2019-2022 | - Адаптирана веб-страна<br><br>- Број на објавени настани и активности на ГО на веб страната и општинскиот информатор.<br><br>Онлајн брошура за можностите кои ги нуди веб страната објавена на веб страната на Општината.<br><br>Број на објавени извештаи на веб страната на Општината. | Буџет на општината |
| 2..3 | Општината ќе одржува информативни средби со ГО за поттикнување на соработката и координација за важни прашања за локалната самоуправа, за ГО и за пошироката заедница | Одржување на редовни средби (најмалку две годишно) на ЛС/Градоначалникот со ГО | ЛС | 2019-2022 | - Број на одржани средби<br><br>- Број на присутни ГО на средбите<br><br>- Усвоени заклучоци на средбите објавени на веб страна. | Буџет на општината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | (најмалку двапати годишно и по потреба). | | | | - Последователни активности од средбите | |
| **СЦ 3** | **Поттикнување на граѓански активизам, волонтерство и општествена одговорност** | | | | | |
| **Р.б** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 3.1 | Унапредување на постоечките механизми за граѓанско учество (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани итн.) преку соработка со ГО и консултации со граѓаните. | - Организирање на форуми на заедницата<br>- Организирање на јавни дебати и јавни расправи во Советот на општина Битола<br>- Организирање на локални дискусии во месните заедници | ЛС<br>ГО | 2019-2022 | - Број на организирани јавни настани<br>- Број на организирани јавни расправи во Советот на општина Битола<br>- Увоени административно-правни измени на механизмите за граѓанско учество на ниво на општина Битола | Буџет на општината /донатори |
| 3.2. | Обезбедена поддршка на Советот за волонтерство како институционален механизам за систематско поттикнување на волонтирањето на локално ниво. | Поддршка на активностите предвидени во програмата за работа на Советот за волонтерство | ЛС<br>ГО | 2019-2020 | - Број на организирани јавни настани<br>- Број на вклучени ГО и други чинители од граѓанскиот сектор<br>- Број на вклучени лица. | Буџет на општината /донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3 | Изработка на локална стратегија за волонтерство 2019 - 2022 | Дефинирање на план и методологија за/и изработка на стратегија за волонтерство | ЛС | 2019 | -Усвоена стратегија од Советот | Буџет на општината |
| 3.4 | Промоција на волонтерството преку поддршка на ГО коишто спроведуваат волонтерски настани и општествено одговорни бизниси кои промовираат корпоративно волонтирање; | - Печатење на промотивни материјали<br>- Помагање и организирање на Саем за волонтерство во соработка со ГО<br>Обележување на ден на волонтери и сл.)<br>- Финансиска поддршка на ГО кои промовираат волонтерство<br>- Локален волонтерски сервис | ЛС<br>ГО<br>ЛС, ГО<br>ЛС<br>ЛС, ГО | 2019-2022 | - Тираж на отпечатен материјал<br>- Број на посетители на саемот<br>- Број на ГО претставени на саемот<br>- Број на локални акции<br>- Број на вклучени граѓани во акциите.<br>- Број на поддржани организации<br>- Број на вклучени волонтери | Буџет на општината /донатори |
| 3.5 | Соработка со ГО за поддршка на локални волонтерски акции (еколошки, урбанистички, образовни и сл.) | - Локални волонтерски акции<br>- Финансиска поддршка на ГО кои промовираат активности со масовна вклученост на граѓани | ЛС<br>ГО | 2019-2022 | - Број на организирани локални акции<br>- Број на поддржани организации<br>- Број на вклучени волонтери | Буџет на општината |
| 3.6 | Доделување на годишна награда за најдобар волонтер/волонтерска иницијатива на Општината | Востановвување на годишна награда за волонтерство | ЛС<br>ГО | 2019-2020 | Број на аплицирани ГО<br>Број на аплицирани волонтери | Буџет на општината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Постапка, критериуми за избор и евалуација на ГО/иницијатива/волонтер | | | | |
| 3.7 | Промоција на општествената одговорност на локалните бизниси | - Организирање на заеднички годишни настани на општината, ГО и бизнис секторот<br>- Воспоставување локално координативно тело за општествена одговорност поддржано од локалната самоуправа<br>- Подготовка на програма за општествена одговорност. | ЛС<br>ГО<br>Бизнис заедница | 2019-2022 | Број на промотивни настани<br>- Број на состаноци на координативното тело за општествена одговорност<br>- Записници од состаноци објавени на веб страна.<br>- Усвоена програма за општествена одговорност | Буџет на општината/ донатори |
| **СЦ 4** | **Одржливост на граѓанскиот сектор и развиени партнерства** | | | | | |
| **Р.б** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 4.1 | Финансиска поддршка на ГО од буџетот на општината согласно утврдените унапредени критериуми и методологија за распределба на средства за ГО; | -Ревидирање и надополнување на критериумите и појаснување на постапката за доделување на финансиски средства<br>-Редовно објавување јавен повик на веб страната на Општината според утврдените критериуми и процедури<br>- Воспоставување на систем за М&Е на поддржаните проекти. | ЛС<br>Комисија финансии и буџет – Совет на општината | 2019-2022 | - Усвоени нови фрмулари за аплицирање<br>- Висина на доделени финансиски средства<br>- % на средства наменети за ГО<br>- Подготвен и објавен унапреден јавен повик за финснсиска поддршка на ГО<br>- Број на поддржани проекти | Буџет на општината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | - Завршни извештаи за поддржаните проекти<br>- Усвоена одлука за известување за потрошените средства по проекти<br>- Поднесен годишен извештај за финансиската поддршка на ГО | |
| 4.2 | Развивање механизми и процедури за кофинансирање на проекти на ГО кои се финансираат од ЕУ и други домашни и странски донатори, а кои се од стратешки интерес на Општина Битола; | - Развивање на механизми и процедури за кофинансирање на проекти на ГО<br>- Определување посебен фонд наменет за кофинансирање | ЛС<br>ГО | 2019-2022 | - Усвоена одлука за кофинансирање<br>- Број на кофинансирани поддржани ГО | Буџет на општината |
| 4.3 | Обезбедување на општински јавен простор за поддршка на функционирањето на ГО базирана на моделот на јавно-цивилно партнерство и ко-управување. | - Организирани јавни настани (расправи и дебати) за мапирање на потребите на ГО и заедницата<br>- Организирани работилници за развивање на моделот на јавно цивилно партнерство/хибридна институција<br>- Избор и доделување на конкретен простор од страна на општината | ЛС<br>ГО | 2019-2020 | - Број на организирани јавни настани<br>- Број на организирани работилници<br>- Доделен конкретен простор за користење од страна на ГО<br>- Донесена одлука од страна на Советот за формирање на хибридна институција | Буџет на општината /донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - Спроведување на административно-правна постапка за формирање на хибридна институција<br><br>- Промоција на институцијата | | | - Издадено решение од Централен регистар за институцијата<br><br>- Информирана јавност за формирањето на институцијата | |
| 4.4 | Воспоставување локален економско-социјален совет во којшто ќе членуваат претставници од општината, од синдикатите, од работодавачите и од ГО | - Избор на модел за селекција на членовите на ЕСС<br><br>- Формирање и делување на ЕСС<br><br>- Промовирање на ЕСС и неговата улога<br><br>- Јакнење на капацитетите на ЕСС | ЛС<br><br>ГО | 2019 и континуирано | - Усвоена одлука за воспоставен совет<br><br>- Број на одржани состаноци на советот<br><br>- Донесени и спроведени одлуки од страна на советот објавени на веб страната на Општината<br><br>-Број на промотивни настани на советот | Буџет на општината /донатори |
| 4.5 | Поттикнување на моделите на јавно приватно и јавно цивилно партнерство меѓу општината, бизнисите и ГО за заедничко подготвување и спроведување проекти и активности кои се од интерес на општината; | - Изработка на модел за ЈПП<br><br>- Промотивни настани за потребата од ЈПП<br><br>- спроведување на заеднички проекти | ЛС<br><br>ГО<br><br>Бизнис заедница | 2019-2022 | - Број на промотивни настани<br><br>- Број на реализирани проекти со ЈПП | Буџет на општината /донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.6 | Формализирано е делегирањето на надлежности од општината на ГО | -Анализа на специфични области од интерес на општината за воспоставување на партнерства со ГО преку делегирање на надлежности<br><br>-Развивање на критериуми за делегирање на надлежности<br><br>- Воспоставена пракса за делегирање надлежности | ЛС<br><br>ГО | 2019-2022 | - Усвоена одлука за делегирање надлежности<br><br>- Утврдени области за делегирање надлежности<br><br>- Број на надлежности делегирани на ГО<br>- Број на опфатени ГО | Буџет на општината |
| **СЦ 5** | **Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработка со граѓанскиот сектор и негов развој** | | | | | |
| | **Резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 5.1 | Процена на знаења и вештините и капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор и негов развој; | - Подготовка на анализа за постоечките вештини и знаења на општинската администрација<br><br>Подготовка на анализа на постоечките вештини и знаења на општинската администрација | ЛС | 2012 | - Спроведена анкета<br><br>- Подготвен извештај од анкетата со заклучоци и препораки | Буџет на општината |
| 5.2 | Надградување на знаењата, вештините и капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со | -Изготвување и спроведување на план за континуирано надградување на знаењата, вештините и општо капацитетите на општинската администрација во функција на соработка со граѓанскиот сектор | ЛС | 2012-2015 | Број на спроведени обуки<br><br>Број на студиски посети/разменски искуства<br><br>-Број на обучени службеници | Буџет на општината /донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | граѓанскиот сектор. Активностите може да се состојат во скроени обуки за релевантните службеници, во директни консултации за подготовка на одредени настани (особено поврзани со активностите предвидени во оваа стратегија), учество на студиски посети за стекнување нови искуства и сл. | -Воспоставена е пракса на редовни координативни состаноци на одговорниот службеник за соработка (ЛЕР) и другите службеници назначени за соработка по сектори<br><br>- Воспоставување на механизам за оценка на работата на администрацијата од страна на граѓаните | | | Број на пофалби/поплаки од граѓаните | |
| | | | | | | |